ОКТА

МЕМО

0202-849/20-4
29.04.2020

Врз основа на член 384 став 2 точка 3 од Законот за трговските друштва, Одборот на директори на ОКТА АД – Скопје до Собрание на акционери поднесува

**ИЗВЕШТАЈ**
**За работата на Одборот на директори на ОКТА во 2019**

I.
Одборот на директори согласно Законот за трговските друштва и Статутот на ОКТА АД – Скопје има најшироки овластувања во управувањето со Друштвото во рамките на предметот на работењето на Друштвото и во дејствувањето во сите околности во името на Друштвото.
Одборот на директори во текот на 2019 година одржа 6 состаноци и донесе 14 одлуки.

II.
На одржаните состаноци Одборот на директори ги разгледа и расправаше за сите значајни прашања во делот на своите овластувања.
Во текот на 2019 година на состаноците на Одборот на директори присуствуваа раководни лица по соодветна функција со цел да ги образложат извештаите и материјалите доставени на состаноците. По принципот на добро корпоративно управување се водени отворени дискусии по однос на материјалите за состаноците и за сите значајни прашања.
Сите членови на Одборот на директори активно учествуваа и соработуваа позитивно за остварувањата на Друштвото во 2019 година.

III.
Одборот на директори согласно член 415-в од Законот за трговските друштва го разгледа полугодишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија на Друштвото.
Службата за внатрешна ревизија, како независна организациона единица, поднесе и Годишен извештај за својата работа за 2019 година на состанокот одржан на 27.02.2020 година.
Одборот на директори е на мислење дека Годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија е квалитетен, сеопфатен и објективен и дава сеопфатен приказ и резиме на извршените ревизии, кои по обем и динамика се во согласност со одобрениот Годишен план за работа за 2019 година. На состанокот одржан на 27.02.2020 година, Одборот на директори донесе Одлука за одобрување на Годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија.
Годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2019 година е приклучен кон документите кои се доставуваат на увид на Собранието на акционери на ОКТА.
Одборот на директори согласно член 415-б од Законот за трговските друштва го разгледа Годишниот план на Службата за внатрешна ревизија на Друштвото за 2020 година и истиот го одобри.

IV.
Согласно член 480 став 2 од Законот за трговските друштва, Одборот одржа состанок на 27.02.2020 година на кој се разгледаа финансиските извештаи за годината која заврши на 31 декември 2019 со Извештаите за извршената ревизија и Мислењата доставени од страна на независните ревизори.

Ревизијата е извршена во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија и Законот за ревизија на Република Северна Македонија.
Според Мислењето на независните ревизори, финансиските извештаи на ОКТА АД – Скопје за годината која заврши на 31 декември 2019 во сите материјални аспекти се подготвени во согласност со сметководствената регулатива на Република Северна Македонија.
Исто така со Финансиските извештаи Одборот на директори ги разгледа и Годишната сметка на Друштвото за 2019 година, Годишниот извештај за работата на Друштвото за период јануари-декември 2019 и предлог-одлуката за усвојување на годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Друштвото за годината која завршува на 31 декември 2019 година, предлог-одлуката за распределба на добивката остварена во 2019 година и му предлага на Собранието на акционери на ОКТА, на Годишното Генерално Собрание да донесе одлуки со кои ќе се одобрат и усвојат истите.

V.
Работењето на Одборот на директори во текот на 2019 година беше во рамките на надлежностите утврдени во Законот за трговските друштва и Статутот на ОКТА АД – Скопје.

29.04.2020 година

Во име на ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ
Дионисиос Роутсис
Претседател

Рафинерија на нафта ОКТА Скопје 0 Акционерско друштво